# ИНКЛУЗИВНИ СТРАТЕГИИ И МЕТОДОЛОГИИ ЗА ПОДОБРУВАЊЕ НА УЧЕЊЕТО КАЈ УЧЕНИЦИТЕ СО ПОСЕБНИ ПОТРЕБИ

Маја Митевска-Поцева

# АПСТРАКТ

Образованието го менува животот на сите луѓе низ светот, отворајќи можности и потенцијали за развој и промена. На децата им треба квалитетно образование кое ќе им помогне целосно да го искористат својот потенцијал и да ги зголемат шансите да станат среќни, здрави, успешни и корисни членови на општеството. На децата им треба квалитетно образование што ќе им помогне да се развијат во учтиви, самоуверени, критични и добро интегрирани единки во оштеството. Најмногу од сѐ, на децата им треба квалитетно образование што ќе биде лесно пристапно за сите. Инклузивното образование претставува образовен пристап кој се стреми да ги вклучи сите ученици, без оглед на нивните индивидуални разлики и потреби. Овој труд ги истражува инклузивните стратегии и методологии за подобрување на учењето кај учениците со посебни потреби, фокусирајќи се врз различните начини на кои наставниците можат да ги приспособат своите наставни практики за да создадат поддржувачка и инклузивна училишна средина. Потребата од инклузија во образованието и барањето начини како таа најдобро да се реализира особено се актуелни последниве 20-ина години и се видливи во усвоените меѓународни документи што се залагаат за квалитетно образование за сите и во различните стручни движења за нивно оживотворување во практиката. Традиционалното образование, „еднакво“ за сите, се покажа дека не може да обезбеди квалитетно образование за сите. Затоа е потребно тоа да се приспособи кон потребите на различните групи и поединци. Инклузивното образование подразбира дека сите деца се вклучени и се прифатени, со особено внимание на децата што може да бидат маргинализирани, дискриминирани или исклучени од образовниот систем. Тие се вклучуваат во редовните одделенија и им се обезбедуваат соодветни услови за учење, за напредување и за учество во животот на училиштето.

**Клучни зборови:** Образование, инклузија, ученици со посебни потреби

# 1. ВОВЕД

Правото на образование е утврдено во голем број меѓународни договори и документи и е потврдено со голем број законски обврзувачки и необврзувачки инструменти. Оттаму, државите имаат обврска да го почитуваат, да го штитат и да го исполнуваат правото на сите ученици на образование. Инклузивното образование се темели врз пристапот заснован на човековите права, кој е дефиниран со Конвенцијата за правата на лицата со попреченост на Обединетите нации и со Конвенцијата за правата на детето на Обединетите нации, кои се прифатени од Република Северна Македонија. Законските регулативи и политики се насочени кон создавање инклузивни училишта кои ги почитуваат и ги промовираат правата на учениците со посебни потреби. Во овој контекст, наставниците и училиштата се соочуваат со предизвикот да развијат и да имплементираат ефективни инклузивни стратегии и методологии кои ќе обезбедат успешна и значајна образовна искуства за сите ученици.

Инклузивното образование претставува една од најзначајните еволуции во модерниот образовен систем, стремејќи се да обезбеди еднаков пристап до квалитетно образование за сите ученици, без оглед на нивните индивидуални способности и потреби. Во последните децении, инклузивното образование се развива како одговор на потребата за создавање пофер и поправедно општество, каде што секој ученик има право на образование кое ги почитува и ги поттикнува неговите или нејзините потенцијали.

Инклузивното образование претставува процес преку кој се излегува во пресрет и се одговара на различните потреби на децата, младите и возрасните. Тоа подразбира зголемување на учеството во учењето, во училиштето и во заедницата преку разумно приспособување на образовните содржини, примена на различни пристапи и стратегии, за да се овозможи квалитетно образование за сите.

Основата на инклузивното образование е верувањето дека сите деца можат да учат и имаат право да бидат образовани заедно со своите врсници, во средина која ги поддржува нивните индивидуални потреби. Овој концепт бара промени и адаптации во наставните практики, наставната содржина, училишната организација и пристапот кон учењето, за да се обезбеди активна и целосна вклученост на учениците со посебни потреби во редовниот образовен процес.

Целта на овој труд е да ги истражи различните стратегии и методологии кои се користат во инклузивното образование и нивното влијание врз учењето на учениците со посебни потреби. Преку теоретска анализа и емпириско истражување, ќе бидат идентификувани најдобрите практики и приоди кои можат да се применат во инклузивните училници. Посебен фокус ќе биде ставен врз диференцираното подучување, употребата на асистивна технологија, колаборативното учење и индивидуалните образовни планови (ИОП), како клучни елементи на успешното инклузивно образование.

Во теоретската рамка на трудот, се разгледуваат основните концепти и теории на инклузивното образование, вклучувајќи го конструктивистичкиот пристап, социокултурната теорија на Виготски и мултиинтелигенциите на Гарднер. Овие теории обезбедуваат основа за разбирање на потребите на учениците со посебни потреби и начини на нивно задоволување во инклузивни училници.

Истражувањето ќе вклучи комбинација од квалитативни и квантитативни методи за собирање и анализа на податоци, со цел да се добие целосна слика за ефективноста на различните стратегии и методологии. Примерокот ќе опфати наставници, ученици

и родители од неколку основни и средни училишта во Македонија, со цел да се добијат релевантни и контекстуални сознанија.

Заклучоците од ова истражување ќе придонесат кон подобрување на инклузивното образование преку препораки за наставниците, за училиштата и за креаторите на образовни политики. Воедно, ќе послужат како основа за понатамошни истражувања и развој на инклузивни стратегии и методологии кои ќе обезбедат квалитетно образование за сите ученици, без оглед на нивните индивидуални разлики.

## 2. ПРЕГЛЕД НА ЛИТЕРАТУРАТА

Квалитетното образование е право на секое дете. Конвенцијата за правата на децата (КПД) и Конвенција за правата на лицата со попреченост (КПЛП) јасно ја искажуваат целта за гарантирање квалитетно образование за сите деца и важноста за обезбедување на потребната холистичка поддршка за развивање на потенцијалот на секое дете. Квалитетното образование единствено може да биде постигнато кога секое дете, вклучувајќи ги и најмаргинализираните и исклучените деца, е во училиште и посетува квалитетно инклузивно образование што му го овозможува учењето коешто му е потребно во животот.

Обединетите нации (ОН) силно поддржуваат инклузивно образование како основно право на секое дете, со цел да се постигне еднаков пристап до квалитетно образование за сите. Според ОН, инклузивното образование не само што ги прифаќа учениците со различни способности и заднина, туку и промовира социјална правда и рамноправност во образовниот систем.

ОН, исто така, ја поддржуваат Целта за одржлив развој 4 (ЦОР 4) од Агендата 2030, која повикува на инклузивно и правично квалитетно образование за сите деца. Преку оваа цел, ОН поттикнуваат земјите да ги унапредат своите образовни системи, да инвестираат во обуката на наставниците и да создадат политики кои ќе го олеснат вклучувањето на учениците со посебни потреби.

Во овој контекст, ставот на ОН е дека инклузивното образование е клучно за постигнување општество каде што сите деца, без разлика на нивните способности, ќе можат да ги остварат своите потенцијали и да се чувствуваат прифатени и ценети.

Попреченоста не е невообичаена и е дел од човековата разновидност. Се проценува дека 15 % од светската популација има попреченост, процент за којшто се очекува да расте, поради лошата здравствена заштита и исхрана во почетокот на животот, поради сè постарото население и насилните граѓански конфликти.

Попреченоста не ги засега само поединците, туку и нивните семејства и старатели. Децата со попреченост се соочуваат со повеќе форми на дискриминација кои водат кон нивно исклучување од општеството и образованието. Токму образованието е еден од најефективните начини за прекинување на кругот на дискриминација со која често се соочуваат децата со попреченост и нивните семејства.

Во последните неколку декади, имаше огромна преобразба на ставовите и на концептуалните парадигми што се во основа на инклузијата на луѓето со попреченост, од медицински и од заштитнички модел кон модел што е социјален и инклузивен и се

фокусира врз правата, еднаквите можности и целосното учество на луѓето со попреченост во социјалниот и економскиот живот на општеството. Во 2008 година, ОН ја усвоија Конвенцијата за правата на лицата со попреченост (ОНКПЛП), а многу држави ја потпишаа и/или ја ратификуваа, со што секоја држава ги признава правата на лицата со попреченост на семеен живот, образование, здравје, рехабилитација, работа и вработување, социјална заштита, учество во културниот живот, релаксација и спорт. Таа ги обврзува земјите да обезбедат инклузивно образование на сите нивоа, нагласувајќи дека лицата со попреченост имаат право на пристап до образование во редовни училишта, наместо во посебни институции. ОН веруваат дека инклузивното образование им овозможува на децата да се развиваат во средини кои ги поттикнуваат социјализацијата, толеранцијата и прифаќањето на различностите.

Во последните неколку децении, инклузивното образование стана приоритет во многу образовни системи ширум светот, вклучувајќи ги и националните системи кои се стремат да обезбедат еднакви можности за сите ученици. Развојот на инклузивните стратегии е поддржан од бројни меѓународни документи, како што се Конвенцијата на Обединетите нации за правата на лицата со попреченост и Светскиот извештај за попреченост на Светската здравствена организација (СЗО), кои препорачуваат создавање образовни средини што ќе бидат достапни и адаптирани за сите ученици (United Nations, 2006; World Health Organization, 2011).

Според Ainscow (1999) и Slee (2001), инклузијата подразбира не само физичко присуство на учениците со посебни потреби во редовните училишта, туку и активно учество во наставниот процес, каде што секој ученик има пристап до соодветни методи и ресурси за учење. Ова значи дека наставниците треба да користат диференцирани стратегии, како што се индивидуални образовни програми (ИОП), кои се приспособени на специфичните потреби на учениците.

Инклузивното образование претставува процес преку кој се излегува во пресрет и се одговара на различните потреби на децата, младите и возрасните. Тоа подразбира зголемување на учеството во учењето, во училиштето и во заедницата преку разумно приспособување на образовните содржини, примена на различни пристапи, организација и стратегии за да се овозможи квалитетно образование за сите. Инклузивното образование подразбира дека сите деца се вклучени и се прифатени, со особено внимание на децата што може да бидат маргинализирани, дискриминирани или исклучени од образовниот систем. Тие се вклучуваат во редовните одделенија и им се обезбедуваат соодветни услови за учење, за напредување и за учество во животот на училиштето.

Инклузивното образование се темели врз пристапот заснован на човековите права кој е дефиниран со Конвенцијата за правата на лицата со попреченост на Обединетите нации и со  Конвенцијата за правата на детето на Обединетите нации.

Бирото за развој на образованието (БРО) во Македонија има јасни ставови и иницијативи во насока на подобрување на инклузијата во образовниот систем. Главната цел на БРО е да овозможи еднакви услови за образование на сите деца, вклучително и на оние со посебни потреби, преку интегрирани и инклузивни стратегии во редовните училишта.

БРО препорачува да се применуваат индивидуални образовни планови (ИОП) за секој ученик со посебни потреби, со фокус врз индивидуализирани стратегии и приспособени наставни методи. Наставниот кадар треба да добие поддршка и обука за да се запознае со инклузивни практики и пристапи, како и за користење асистивна технологија која може да им помогне на учениците со физички, когнитивни или сензорни бариери.

БРО, исто така, препорачува зголемена соработка помеѓу родителите, наставниците и стручните соработници, со цел да се создаде поддржувачка средина во училиштата. Се

потенцира важноста на менување на перцепциите кај другите ученици и родителите преку едукативни кампањи за подигнување на свеста за инклузијата и создавање пријателска и толерантна училишна заедница.

Во својот труд ,,Промовирање на инклузивно образование: Стратегии за поддршка на ученици со посебни потреби во редовни училници", Dr. Pinakshiben Bhagavanbhai Patel ќе напише: ,,Инклузивното образование е пристап кон наставата и учењето кој обезбедува еднакви образовни можности за сите ученици, без оглед на нивното потекло, способности, попречености или разлики." Промовира разновидност, еднаквост и пристапност во рамките на образовните поставувања преку поттикнување на средина за поддршка што ги цени и ги почитува уникатните карактеристики и силни страни на секој ученик. Смета дека инклузивното образование има за цел да ги отстрани бариерите за учење, да обезбеди сместување и услуги за поддршка по потреба и активно ангажирање на сите ученици во процесот на учење. Овој пристап ја нагласува соработката меѓу воспитувачите, родителите и заедницата за да се создаде средина каде што секој ученик се чувствува добредојден, поддржан и вклучен во образовното искуство.

Инклузивниот систем на образование ја зголемува достапноста на образованието за секое дете, а истовремено создава услови за квалитетно образование кое ќе одговара на потребите и способностите на секој ученик. Инклузивниот пристап во образованието треба да овозможи суштински и содржински промени во училиштата, односно постоење инклузивни училишта. Тоа подразбира материјална, финансиска и кадровска спремност на училиштата да одговорат на потребите на потполно различните ученици во редовната настава. За таа цел, потребно е на сите ученици да им бидат овозможени наставни програми и помагала кои ќе бидат адаптирани на индивидуалните капацитети и потреби и ќе одговараат на нивните афинитети. Тука доаѓа до израз потребата да се земе предвид комплетната личност на ученикот, за да се дојде до оној аспект кој претставува специфичност за самиот ученик.

За градење инклузивно училиште, потребно е воспитно-образовниот процес да се заснова врз моделот на интервенции за поддршка на повеќе нивоа. Овој модел вклучува интервенции во наставниот план и наставните програми, наставните стратегии, активности и материјали, како и континуирано следење на процесот на спроведување на интервенциите.

Една од клучните стратегии за инклузија е диференцираната настава, која, според Tomlinson (2001), претставува основа за создавање успешна инклузивна средина. Оваа стратегија се темели врз потребата да се приспособат наставните цели, методи и материјали според индивидуалните способности на секој ученик, со цел да се обезбеди поддршка за учениците со посебни потреби, а истовремено да се одржи квалитетот на учењето за сите ученици во класот.

Според истражувањата на Florian и Black-Hawkins (2011), употребата на кооперативни и колаборативни наставни методи, како групна работа, играат важна улога во создавањето инклузивна училница. Овие методи ја зајакнуваат социјалната интеграција на учениците со посебни потреби, помагајќи им да се вклучат во соработнички активности со своите врсници и да развијат вештини за комуникација и за решавање проблеми. Една од клучните теми во истражувањето на Флоријан и Блек-Хокинс е идејата дека инклузијата не е само насочена кон учениците со посебни потреби, туку кон сите ученици. Тие тврдат дека инклузивните училници треба да овозможат пристап до квалитетно образование за секој ученик, без разлика на нивните способности. Тие предложија дека наставниците треба да ги адаптираат своите стратегии и да бидат флексибилни, наместо да се потпираат врз еден унифициран пристап. Училиштата треба да работат врз создавање на опкружување

во кое секој ученик може да се чувствува вклучен и поддржан. Тие исто така предупредија на потенцијални погрешни претпоставки во врска со инклузијата, како што е верувањето дека сите ученици со посебни потреби имаат исти потреби или дека сите проблеми можат да се решат со специјална помош. Наместо тоа, тие препорачуваат пристапи кои се базирани врз индивидуалните потреби на секој ученик.

Технологијата, како клучен дел од инклузивните стратегии, е исто така предмет на голем број студии. На пример, според истражувањата на Rose и Meyer (2002), дигиталните алатки и образовни софтвери имаат голем потенцијал за индивидуализирање на наставниот процес и овозможување пристап до наставните содржини за учениците со различни типови попречености, како што се слуховите, видните или моторните нарушувања. Роуз и Мајер ја потенцираат важноста од флексибилноста во пристапите кон учење. Учениците треба да имаат пристап до различни алатки и ресурси кои ќе ги поддржат во нивниот процес на учење, а наставниците треба да бидат подготвени да ги приспособат методите според потребите на учениците. Истражувањата на Роуз и Мајер силно ја поддржуваат употребата на технологија во инклузивното образование. Технологијата овозможува многу начини за индивидуализација на наставата, како што се интерактивни програми, софтвери за учење и алатки за комуникација.

Во рамките на инклузивното образование, истражувањата на Mitchell (2014) ја нагласуваат важноста на соработката меѓу наставниците, специјалните едукатори и семејствата на учениците со посебни потреби. Оваа соработка е суштинска за креирање успешни индивидуални планови за учење, кои го поддржуваат личниот и академскиот развој на учениците. Мичел нагласува дека наставниците треба да бидат добро обучени и подготвени за работа во инклузивни училници. Постојаниот професионален развој е клучен за да им се овозможи на наставниците да развијат стратегии и методи за работа со различни ученици.

Сепак, многу студии посочуваат на предизвиците со кои се соочуваат образовните системи при имплементација на инклузивните стратегии. Наставниците често се соочуваат со недостиг од обука и ресурси за работа со ученици со посебни потреби (Sharma et al., 2008), а многу училишта немаат соодветна инфраструктура која би им овозможила на овие ученици целосно да учествуваат во наставниот процес.

Во самото училиште е потребно е да се градат капацитети за развој на инклузивна клима и обезбедување систематска поддршка на севкупниот воспитно-образовен кадар, со цел да се постигне вреднување на различностите, промовирање еднаквост и недискриминација и креирање услови и можности за учење и напредување на секој ученик.

Литературата за инклузивното образование исто така укажува на важноста на системската поддршка од страна на институциите, со цел успешно да се имплементираат инклузивните стратегии. Развојот на политиките и програмите на национално и локално ниво е клучен фактор за создавање инклузивни училишта, кои обезбедуваат рамноправен пристап до образованието за сите ученици, без разлика на нивните индивидуални потреби.

Иако децата со попреченост ги имаат истите права како и сите други деца, историски, тие се меѓу најисклучените од образовниот систем.

Подолу се дадени неколку факти за актуелната состојба:

- Децата со попреченост имаат значително помали шанси да се запишат на училиште отколку нивните врсници без попреченост. За илустрација, еве ги резултатите од неколку студии:

- Една студија на Филипините покажа дека имањето член со попреченост во семејството ја зголемува веројатноста кај децата на возраст од 7 до 16 години никогаш да не одат на училиште за 25 отсто, додека во Уганда за 13 отсто.
- Едно истражување во Обединета Република Танзанија во 2008 г. покажа дека децата со попреченост кои оделе во основно училиште напредувале кон повисок степен на образование дури за половина од стапката на децата без попреченост.
- Студија во Ирак во 2006 г. покажа дека 10 проценти од децата на возраст од 6 до 9 години без ризик од попреченост никогаш не оделе на училиште, но дури 19 отсто од оние во ризик од оштетување на слухот и 51 процент од оние во повисок ризик од ментална попреченост никогаш не биле на училиште.
- Студија во Тајланд откри дека речиси сите деца на возраст од 6 до 9 години без попреченост оделе на училиште во 2005/06, додека пак 34 отсто од оние со пречки при одењето или движењето никогаш не биле на училиште.
- Една студија во Малави, во 2004 г., покажа дека детето со попреченост има двапати поголема веројатност никогаш да не оди на училиште отколку врсникот без попреченост.

## 3. ИСТРАЖУВАЧКА МЕТОДОЛОГИЈА

Истражувањето на овој труд се фокусира врз испитување на ефективноста на различни пристапи за вклучување на учениците со посебни потреби во образовниот процес, како и врз методите што можат да се применат за подобрување на нивното учење. Методологијата што ќе се користи во ова истражување вклучува квалитативни и квантитативни методи за собирање и анализа на податоци, со цел да се добијат издржани заклучоци и препораки за практична примена.

Целта на ова истражување е да се идентификуваат најдобрите инклузивни стратегии и методологии што може да се користат за подобрување на учењето кај учениците со посебни потреби во основното и средното образование. Истражувањето ќе го разгледа нивното влијание врз учениците, наставниците и пошироката училишна заедница, и ќе предложи начини за подобрување на постојните практики. Главен фокус е како овие стратегии се применуваат во наставата и какви резултати се добиваат од нивната употреба.

Во ова истражување се опфатени 170 наставници од 9 основни училишта во Република Северна Македонија. 65 % од анкетираните наставници се наставници во одделенска настава, односно работат со ученици од I до V одделение, а останатите 35 % се наставници од предметна настава, односно од VI до IX одделение.

Истражувањето ќе се води според следниве прашања:

- Дали до сега имаат искуство да работат со дете со попреченост ?
- Дали наставниците се доволно обучени за работа со ученици со посебни образовни потреби?
- Кои инклузивни стратегии најчесто се користат во образовниот процес за

ученици со посебни потреби?
- Какво е искуството на наставниците и учениците при примената на инклузивни стратегии и методологии?
- Како инклузивните методологии влијаат врз учењето и вклученоста на учениците со посебни потреби?
- Како родителите и останатите ученици го перципираат инклузивниот пристап?
- За да се постигне целта на истражувањето, ќе се користи комбинација од квалитативни и квантитативни методи:
- Анкети и прашалници ќе се користат за собирање податоци од наставници, ученици и родители. Прашањата ќе бидат фокусирани врз искуствата и перцепциите за инклузивното образование.
- Интервјуа со наставници, советници и специјалисти за инклузија ќе се изведат за да се добие подлабоко разбирање за предизвиците и придобивките од примената на инклузивните методологии.
- Набљудување на училишни активности и училници каде што се применуваат инклузивни стратегии. Ќе се водат белешки за интеракциите помеѓу учениците со посебни потреби и нивните соученици, како и за методите што ги користат наставниците.

## 4. КОНСТАТАЦИИ/РЕЗУЛТАТИ

По спроведувањето на ова истражување, се добија значајни резултати кои потврдуваат дека за да се спроведе инклузивното образование, потребно е значително да се подобрат не само професионалните достигнувања на наставниците, туку и нивната социјална интеграција и самопочит. Дури 85 % од анкетираните наставници одговорија дека не се подготвени за работа со ученици со попреченост. Како главна причина ја наведоа недоволната обученост на наставниот кадар поврзана со овој тип на ученици, како и недоволните наставно-нагледни средства кои се потребни за реализација на часовите со овие ученици. Имајќи ја предвид структурата на паралелката каде што имаме уште ученици со кои наставникот треба да ја спроведува наставната програма и да работи, недостигот на време е уште еден од проблемите со кои се соочуваат во моментот.

Истражувањето откри неколку клучни аспекти поврзани со примената на инклузивните стратегии, кои можат да придонесат за подобрување на образовниот процес. Резултатите покажаа дека 60 % од наставниците применуваат инклузивни стратегии, како диференцирано учење, индивидуализирани образовни планови и колаборативно учење и тие бележат подобар успех кај учениците со посебни потреби. Овие стратегии, исто така, им овозможуваат на учениците да се чувствуваат повеќе вклучени и мотивирани за учење.

68 % од анкетираните наставници се изјасниле дека во своето одделение имале ученик со попреченост и со примена на инклузивни методологии постигнале подобар успех и наставата ја приспособиле според потребите и можностите на секој ученик поединечно. И покрај сè, од самиот анкетен прашалник можеше да се забележи дека на наставниците им се потребни дополнителни обуки и поддршка за да ги усвојат и да ги применат

инклузивните практики на највисоко ниво. Наставниците кои учествуваа во истражувањето ја нагласија важноста на тимската работа со специјалисти и едукатори за инклузија како клучен елемент за успешна имплементација на инклузивните стратегии. Исто така, го нагласија и недостигот од соодветни ресурси кои исто така им го отежнуваат правилното спроведување на инклузивните стратегии и влијаат врз ефикасноста на процесот.

Родителите и учениците имаат различни мислења за инклузивниот пристап во образованието. Родителите на деца со попреченост гледаат на инклузијата како на позитивен пристап, кој овозможува нивните деца да бидат дел од редовните училишни активности, да се дружат со своите врсници и да се развиваат во прифатлива и поддржувачка средина. Инклузијата овозможува децата со посебни потреби да добијат индивидуализирана поддршка, но и да ги развијат своите социјални вештини и самодоверба.

Од друга страна, пак, родителите кои немаат деца со посебни потреби понекогаш се загрижени дека инклузијата може да го забави темпото на наставата. Сепак, истражувањата покажуваат дека со добра поддршка и соработка, овие пречки можат да се надминат, а учениците без попреченост можат да развијат емпатија, толеранција и разбирање за различностите, што е клучно за градење поинклузивно општество.

Во Република Северна Македонија, истражувањата на Бирото за развој на образованието покажуваат дека потребна е поголема обука на наставниот кадар, како и едукација на учениците и родителите за придобивките на инклузивниот пристап, со цел да се намалат предрасудите и стереотипите кон учениците со посебни потреби.

## 5. ДИСКУСИИ И ЗАКЛУЧОЦИ

Постојат три општи пристапи кон образованието за децата со попреченост. Тие се: сегрегација, каде што децата се класифицираат според нивната попреченост и се испраќаат во училиште наменето за одговор на таа конкретна попреченост; интеграција, каде што децата со попреченост се распоредуваат во редовниот систем, често во специјални класови, или во општа училница без или со несоодветна адаптација и поддршка; и инклузија, каде што се признава потребата за трансформација на културата, политиките и практиките во училиштето за да се одговори на различните потреби на секој ученик поединечно, како и обврската за отстранување на бариерите кои ја попречуваат таа можност.

УНИЦЕФ го дефинира инклузивното образование во согласност со нашироко прифатената дефиниција предложена од УНЕСКО: „Процес на третирање и одговарање на разновидноста на потребите на сите ученици преку зголемување на учеството во учењето, културата и заедницата, како и преку намалување на исклученоста во и од образованието". Тоа вклучува промени и модификации на содржината, приодот, структурите и стратегиите, со заедничка визија која ги опфаќа сите деца од соодветната возраст, и убедување дека државата има обврска да обезбеди образование за сите деца. Во практиката, инклузивното образование се однесува на низа стратегии, активности и процеси со кои се прави обид да се реализира универзалното право на квалитетно, релевантно и соодветно образование.

Истражувањето за инклузивните стратегии и методологии во образованието на учениците со посебни потреби даде увид во повеќе аспекти на инклузијата и нејзиното влијание врз образовниот процес. Во оваа дискусија се сумираат клучните наоди од истражувањето, се

разгледуваат предизвиците и се предлагаат идни насоки за подобрување на инклузивниот модел во образованието.

Истражувањето покажа дека инклузивните стратегии се особено важни за создавање на образовна средина каде што сите ученици, без разлика на нивните индивидуални способности, можат да учествуваат во наставата.

Од друга страна, истражувањето укажа на фактот дека успехот на инклузивните стратегии во голема мера зависи од подготвеноста на наставниците. Наставниците кои имаат обука и поддршка за работа со ученици со посебни потреби се поуспешни во примена на овие методи. Сепак, еден од клучните предизвици е недостигот од ресурси и специјализиран кадар, што го отежнува правилното спроведување на инклузивните програми.

Како едни од најупотребуваните стратегии и методологии би ги спомнале: ,,Диференцираното учење", ,,Колаборативно учење (Cooperative Learning)" , ,,Асистивна технологија", ,,Изготвувањето и примената на индивидуалните наставни планови".

Диференцираното учење кај учениците со посебни потреби игра клучна улога во нивното образовно искуство, овозможувајќи им да учат на начин што одговара на нивните индивидуални способности и стилови на учење. Овој пристап ја препознава уникатноста на секој ученик и ги приспособува наставните стратегии, активности и методи за оценување за да обезбеди позитивни резултати и напредок во учењето. Значајно за оваа стратегија е тоа што учењето може да се приспособи според потребите на секој ученик. Некои ученици можат да имаат намалени цели, додека други можат да работат на исти теми со поддршка и модификации. Задачите може да се преработат за да се овозможи успешно завршување, соодветно на нивните способности.

Се користат различни методи на предавање, како што се визуелни презентации, аудитивни материјали, физички активности или дигитални помагала, и тие им помагаат на учениците да ги разберат и да ги усвојат материјалите според нивните индивидуални способности.

Големо значење има изготвувањето и примената на индивидуалните наставни планови (ИНП), како важен дел од диференцираното учење. ИНП вклучува специфични цели, стратегии и методи кои ги следат наставниците и поддржувачите со цел да го подобрат учењето и развојот на ученикот.

Исто така, треба да спомнеме дека и наставниците кои го применуваат диференцираното учење за учениците со посебни потреби треба да бидат флексибилни, иновативни и посветени на постојано следење на напредокот на учениците. Соработката со специјалисти и користење на ресурси како асистивни технологии и индивидуални наставни планови е од суштинско значење за успешна примена на оваа стратегија.

Колаборативно учење (Cooperative Learning) е пристап кој го поттикнува заедничкото учење во група, каде што учениците со различни способности, вклучувајќи и оние со посебни образовни потреби, соработуваат за да постигнат заеднички цели. Овој пристап е особено корисен за учениците со посебни потреби, бидејќи им овозможува да учествуваат во заеднички активности со своите врсници, при што се поттикнува социјалната интеграција и академскиот напредок.

Учениците се организирани во мали групи каде што секој член има различна улога, што може да се приспособи кон индивидуалните способности на учениците со посебни потреби. Учениците треба да работат заедно за да ја завршат задачата, што ги охрабрува да се поддржуваат меѓусебно. Секогаш треба да се внимава задачите да бидат јасно поставени и да бидат дадени јасни насоки. Колаборативното учење им овозможува на учениците да разменуваат идеи, мислења и знаења. Ова е важно за учениците со посебни

потреби, бидејќи им овозможува да го надминат чувството на изолација и активно да учествуваат во дискусии и задачи.

Оваа стратегија претставува ефективна стратегија за вклучување на учениците со посебни образовни потреби во образовниот процес. Преку работа во групи, овие ученици имаат можност да учат заедно со своите врсници, развивајќи социјални, академски и лични вештини.

Асистивната технологија претставува средства и уреди дизајнирани да им помогнат на учениците со посебни образовни потреби да учат поефективно и да ги надминат бариерите во образовниот процес. Оваа технологија може да биде од голема помош за ученици со различни видови тешкотии, како физички, сензорни, когнитивни или говорни, овозможувајќи им да учествуваат во училишните активности со поголема независност и успех.

Асистивната технологија претставува клучен фактор за овозможување на инклузивно образование за учениците со посебни образовни потреби. Со нејзина помош, овие ученици добиваат поддршка за да се вклучат во редовниот образовен процес, што ја зголемува нивната самодоверба, училиштен успех и социјална вклученост.

Мошне значајна е поддршката од врсниците, која подразбира ангажирање на ученици без посебни потреби да им помагаат на своите соученици со посебни потреби. Ова може да биде преку заедничко учење, туторство или помош при решавање на конкретни задачи. Овој пристап ги интегрира учениците со посебни потреби во одделението и ја развива емпатијата кај сите ученици.

Моделот на инклузивна наставна средина за учениците со посебни образовни потреби се заснова врз создавање приспособено училишно опкружување каде што сите ученици, без оглед на нивните индивидуални разлики, имаат еднакви можности за учење и развој. Овој модел го промовира инклузивното образование, кое обезбедува учениците со различни способности и потреби да бидат вклучени во редовната настава и да учествуваат во сите училишни активности заедно со нивните врсници. Наставниците користат различни стратегии и методи за да ги приспособат содржините и пристапот според индивидуалните потреби на учениците. Ова вклучува користење на диференцирано учење, каде што секој ученик добива материјали и задачи што одговараат на неговото ниво и способности.

Моделот на инклузивна наставна средина овозможува учениците со посебни образовни потреби да работат заедно со специјалисти (специјални педагози, логопеди, психологи), односно образовни асистенти кои ќе им помогнат да создадат наставна средина што ќе ги задоволи потребите на сите ученици. Оваа методологија вклучува редовно приспособување на наставните планови и програми според индивидуалните потреби на учениците.

Иако резултатите покажуваат дека инклузивното образование носи многу придобивки, не треба да се занемари фактот дека постојат и предизвици. Еден од најголемите предизвици е недостигот на специјализирани ресурси и наставни алатки за работа со ученици со различни видови попречености. Покрај тоа, недоволната обука на наставниците за инклузивни методологии може да ја намали ефективноста на инклузијата и да го ограничи напредокот на учениците.

Дополнителен предизвик е индивидуализацијата на пристапите кон секој ученик. Иако инклузивните методи се фокусираат врз потребите на секој ученик, наставниците понекогаш имаат тешкотии да изготват планови за учење кои одговараат на различните потреби во класот. Ова бара интензивна подготовка, соработка со специјалисти и континуирана поддршка од институциите.

Инклузивното образование обезбедува сите деца да живеат, да учат и да играат заедно. Тоа им нуди можности да се запознаат и да ги прифатат меѓусебните способности,

таленти, личности и потреби. Исто така, им овозможува да развиваат целисходни односи и пријателства кои им помагаат да развијат социјални вештини и самодоверба да комуницираат еден со друг и со светот околу ссбе. Тие учат дека сите деца се дел од заедницата и заедно развиваат чувство на припадност. Кога сите деца учат заедно, ставовите во училиштата и околните заедници позитивно се менуваат, што доведува до помала стигматизација и поголема социјална вклученост на децата со попреченост.

## 6. ОГРАНИЧУВАЊА И НАСОКИ ЗА ИДНО ИСТРАЖУВАЊЕ

Врз основа на сите овие овие забелешки, како и врз основа на забелешките што произлегоа од разговорите со одредени наставници кои имале можност да работат со дете со посебни потреби во своето одделение, произлегоа неколку препораки кои би биле од голема корист во подобрување на наставата кај овие ученици.

Она што тие го сметаат како најголем недостаток е недоволната обученост на наставниот кадар за работа со деца со посебни образовни потреби, па затоа предлагаат поголемо инвестирање во обука и развој на наставниците за работа со овие ученици. Исто така сметаат дека зголемувањето на ресурсите и поддршката во училиштата треба да биде преку ангажирање на специјализирани едукатори или образовни асистенти кои директно би биле вклучени во наставата и би работеле со овие ученици за време на часовите. Ова го сметаат како значаен фактор кој би бил од голема корист и за наставникот, а најмногу за самиот ученик. Подобрување на индивидуализираните планови за учење за секој ученик со посебни потреби. Наставниците сметаат дека инклузивната настава би била со позитивен резултат доколку таа правилно се применува и наставниците ги добијат потребните ресурси и помош за работа.

Врз основа на резултатите од истражувањето, може да се заклучи дека инклузивните стратегии и методологии се суштински важни за обезбедување квалитетно и праведно образование за учениците со посебни потреби. Воведувањето инклузивно образование значително го подобрува образовниот и социјалниот развој на учениците, но за да биде целосно ефикасно, потребни се системски подобрувања. Сето ова ја нагласува важноста на создавањето на образовна средина која ги прифаќа и ги поддржува сите ученици, без оглед на нивните индивидуални предизвици и потреби. Истражувањата и анализите покажуваат дека инклузивното образование не само што придонесува за образовниот напредок на учениците со посебни потреби, туку има и позитивно влијание врз целокупната ученичка популација.

Инклузивните стратегии, како диференцираното учење, кооперативното учење и користењето на асистивна технологија, се клучни за создавање услови каде што секој ученик има можност да напредува според своите способности и интереси. Овие пристапи овозможуваат поголема флексибилност во наставниот процес, како и приспособување на наставните содржини според индивидуалните потреби на учениците.

Соодветната обука на наставниците и поддршката од стручните служби, исто така, играат важна улога во успешно реализирање на инклузивните стратегии. Наставниците мора да имаат пристап до современи ресурси и методологии, кои ќе им овозможат да

создадат ефективни и инклузивни наставни практики. Со тековна поддршка и развој на наставниците, тие ќе можат поефективно да ги применуваат методологиите кои ќе одговорат на индивидуалните потреби на учениците.

За успешна имплементација на инклузивното образование, неопходна е и поддршка од родителите и заедницата. Вклучувањето на сите релевантни фактори, како и постојаната комуникација помеѓу родителите, наставниците и учениците, ќе овозможи подобра инклузивност и ефективност на образовниот процес.

Во иднина, неопходно е инклузивните практики да продолжат да се развиваат и да се подобруваат, за да се обезбеди дека секој ученик, без оглед на своите потреби, ќе има еднакви шанси за квалитетно образование. Успешната инклузија не само што ги подобрува академските резултати на учениците со посебни потреби, туку ја зајакнува социјалната кохезија и создава заедница каде што сите се вреднувани и прифатени.

# ЛИТЕРАТУРА


1. Концепција за инклузивно образование, Биро за развој на образованието, Скопје, 2020
2. м-р Весна Хорватовиќ, ПРАКТИКУМ КОН ПРИРАЧНИКОТ ЗА ИНКЛУЗИВНО ОБРАЗОВАНИЕ, Биро за развој на образованието, Европа 92, Скопје 2020
3. ИНКЛУЗИВНО училиште : водич за работа на училишниот инклузивен тим / [автори Бошковска Розалија ...и др.]. - Скопје : Биро за развој на образованието, 2018.
4. ПРИРАЧНИК за наставници и училишни инклузивни тимови [Електронски извор] / [автори Александра Каровска Ристовска ... и др.]. - Скопје: Фондација за образовни и културни иницијативи „Чекор по чекор“, 2022 Алатка за доусовршување на практиките за едукација на наставниците за инклузивно образование (автори: Експерти на Советот на Европа), Скопје, 2015
5. Конвенција за правата на лицата со попреченост, ноември, 2016
6. Улогата на асистивната технологија во процесот на индивидуализација на наставата во инклузивните училишта / Зора Јачова, Радмила Стојковска Алексова. - Скопје : Здружение на граѓани за поддршка и промоција на пристапноста на нови технологии за лицата со хендикеп Отворете ги прозорците, 2013.
7. АКТУЕЛНАТА состојба на инклузија на децата со посебни образовни потреби во основното образование во Република Северна Македонија : (научно-истражувачки проект) / [тим за изработка на извештајот Зеќирија Хасипи ... и др.]. - Скопје : Биро за развој на образованието, 2019
8. Mankoff, J., Hayes, G. R., & Kasnitz, D. (2010). Disability studies as a source of critical inquiry for the field of assistive technology. Paper presented at the Proceedings of the 12th International ACM SIGACCESS Conference on Computers and Accessibility, Orlando, Florida, USA. 3-10.
9. Promoting Inclusive Education: Strategies for Supporting Students with Special Needs in Mainstream Classrooms, DR. PINAKSHIBEN BHAGAVANBHAI PATEL, International Journal of Research in Humanities & Soc. Sciences, August 2023
10. Модули за инклузивно образование : [прирачник] / [Џудит Холенвегер ; со учество на Паула Фредерика Хант и Нора Шабани]. - Скопје: Биро за развој на образованието, 2015

# ЗА АВТОРОТ



## МАЈА МИТЕВСКА – ПОЦЕВА

**majamitevskapoceva@yahoo.com**

Маја Митевска – Поцева е одделенски наставник во ОУ „Браќа Миладиновци“ во Пробиштип, Северна Македонија. Има работено две години на проектот на УНИЦЕФ за едукација на мајки од руралните средини и била координатор и обучувач на големи проекти, како што се јазичната писменост во основните паралелки, меѓуетничката интеграција, медиумската писменост итн. Во 2018/2019 година е избрана за најдобар учител на годината.